Врз основа на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19 и 267/20) и Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), а согласно чл. 12, став 2, алинеа 4 од Статутот на НУ ДТС- пречистен текст под бр.0202-137/7 од 14.03.2019 г., вд. директорот ја донесе следната

**О Д Л У К А**

СЕ ПОНИШТУВА јавниот оглас под бр. 1507489 на 04.01.2021 г. за вработување на 1 извршител -Друг раководител (Шифра КУЛ 0304 Г001 003) на неопределено време, како и целокупната постапка.

Оваа Одлука стапува на сила во моментот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 31.12.2020 г. вд. директорот на НУ Драмски театар Скопје донесе Одлука за објавување на јавен оглас за вработување на 1 извршител -Друг раководител (Шифра КУЛ 0304 Г001 003) на неопределено време. Огласот е објавен на ден 04.01.2021 г. во три дневни весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", а заведен во Агенција за вработување под бр. 1507489 на 04.01.2021 г.. Со Решение под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., е формирана Комисија за постапка за вработување од страна на вд. директорот во следниот состав: Сања Базерко-раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор во НУ МНТ -Скопје- член, Олга Јаневска-советник за маркетинг и односи со јавност-заменик член, Соња Николовска Затенко- главен благајник-заменик член и Перо Ралев- одговорен декоратер- заменик член.

На ден 25.02.2021 г. направен е Записник под бр. 0402-47/2 од 25.02.2021 г., од страна на Комисијата за одржана административна селекција и интервју на двајца пријавени кандидати по огласот и тоа, Павле Игновски и Горјан Донев. Потоа,од Комисијата е донесена Предлог- одлука под бр.040247/3 од 26.02.2021 г, во која се предлга за избор за вработување прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев . Вд директорот на ден 26.02.2021 г. донесе Одлука под бр.0402-47/4 за вработување на предложениот прворангиран кандидат Горјан Донев. Против оваа Одлука од неизбраниот кандидат Павле Игновски е поднесена Жалба под бр.0402-18/2 од 09.03.2021 г. до Управниот одбор на НУ ДТС. На ден 17.03.2021 г. Управниот одбор донесе Решение под бр. 0201-65/3 со која му ја усвои жалбата и Одлуката на вд директорот ја укина, со враќање на постапката на повторно постапување и одлучување во фаза на административна селекција.

Врз основа на второстепеното Решение на УО, Комисија за постапка за вработување повторно се состана и ја спроведе фазата на административна селекција за која состави Записник под бр.0402-47/5 од 23.03.2021 г . и состави Записник под бр.0402-47/6 од 25.03.2021 г. од одржаното повторно интервју со двајцата кандидати. По ова комисијата повторно донесе Предлог- одлука под бр. 0402-47/8 од 25.03.2021 г. за избор на повторно прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев, а вд директорот донесе Одлука за избор за вработување на прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев под бр.0402-47/8 од 25.03.2021 г..

Против оваа Одлука на вд. директорот, неизбраниот кандидат Павле Игновски повторно поднесе Жалба под бр.0402-47/9 од 31.03.2021 г.до Управниот одбор на НУ ДТС. Управниот одбор на ден 08.04.2021 г., ја разгледа жалбата и донесе повторно второстепено

Решение под бр.0201-84/6 со кое ја усвои Жалбата и ја укинува Одлуката бр. 0402-47/8 од 25.03.2021 година донесена од вд директорот и предметот го врати на повторно постапување и одлучување во фазата на административна селекција.

Врз основа на второстепеното Решение на УО, Комисија за постапка за вработување по трет пат се состана и ја спроведе фазата на административна селекција за која состави Записник под бр.0402-89/1 од 14.04.2021 г . и состави Записник под бр.0402-89/2 од 16.04.2021 г. од одржаното повторно интервју со двајцата кандидати. По ова Комисијата повторно донесе Предлог- одлука под бр. 0402-89/3 од 16.04.2021 г. за избор на прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев, а вд директорот донесе Одлука за избор за вработување на прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев под бр.0402-89/4 од 20.04.2021 г..

Против оваа Одлука на вд. директорот, неизбраниот кандидат Павле Игновски по трет пат поднесе Жалба под бр.0402-89/5 од 29.04.2021 г. до Управниот одбор на НУ ДТС. Управниот одбор на ден 06.05.2021 г., ја разгледа жалбата и донесе второстепено Решение под бр.0201-117/3од 06.05.2021 г. со кое ја усвои Жалбата и ја укина Одлуката бр. 0402-89/4 од 20.04.2021 година донесена од вд директорот и предметот го врати на повторно постапување и одлучување.

Комисијата постапувајќи по второстепеното Решение на УО под бр.0201-117/3од 06.05.2021 г., од досегашната спроведена постапка изготви Заклучок под бр.0402-124/1 од 14.05.2021 г., и донесе Предлог-одлука под бр.0402-124/2 од 14.05.2021 г. за избор за вработување на прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев, а а вд директорот донесе по четврти пат Одлука за избор за вработување на прворангираниот кандидат- 2 Горјан Донев под бр.0402-124/3 од 14.05.2021 г..

И против оваа Одлука на вд. директорот, неизбраниот кандидат Павле Игновски по четврти пат поднесе Жалба под бр.0402-117/4 од 25.05.2021 г. до Управниот одбор на НУ ДТС.

Управниот одбор на ден 02.06.2021 г., донесе второстепено Решение под бр.0201-153/3 од 03.06.2021 г. со кое Жалбата се усвојува и Одлуката бр. 0402-124/3 од 14.05.2021 година, донесена од вд директорот се укинува.

Во образложението на Решението е наведено дека составот на Комисија за постапка за вработување е во колизија со Законот за културата и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас под бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г., бидејќи членовите на Комисјата за постапка за вработување на работното место Друг раководител- технички директор од категоријата и нивото Г01 може да бидат само раководни вработени во установата од највисокото ниво 1 во нивната категорија .

Од причина што, согласно напатствијата и укажувањата на второстепениот орган се работи за формална пречка за продолжување на постапката по јавниот оглас односно се доведува во прашање легимитетот на досегашните превземени правни дејствија, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука и истовремено се одлучува да работодавачот побара толкување од страна на Министерството за култура на РСМ во делот на потребните квалификации на членовите на комисијата, а согласно укажувањата во образложението на Управниот одбор во врска со чл.77-ѓ, став 4 од Законот за културата.

НУ Драмски театар Скопје

Вд Директор

Катарина Коцевска Хаџи Василева

Доставено до:
-Павле Игновски и
-Горјан Донев